# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ · НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
11 - 17 Декември 2017 година   Број: 285

# СТОП НА ФРЛАЊЕТО ОТРОВ ЗА КУЧИЊАТА ВО КАРПОШ

Вчеравечер, на територија на Општина Карпош се отруени неколку кучиња како последица на оставен отров од страна на несовесни сограѓани. Општина Карпош најостро го осудува овој нечовечки чин на труење на уличните кучиња и миленици.

Во оваа прилика, сакаме да ја информираме јавноста дека сме во постојана координација со надлежните државни органи околу спречување на ваквите инциденти и незаконски постапки. Локалната самоуправа решително пристапи кон решавање на овој актуелен проблем кој н□ засега сите. За таа цел веќе утрово стапивме во комуникација со ПС Карпош со кои се договоривме заеднички да делуваме на терен, што подразбира мапирање на откриените отрови, нивно отстранување и идентификација на сторителите.

Исто така, службите за хигиена и комуналните редари на Општината добија дополнителна обврска за засилена контрола и отстранување на отровите кои се расфрлани на јавен простор, односно во парковите, зелените површини и околу зградите.

Општина Карпош апелира до сите граѓани на разумно однесување и зголемена грижа за милениците. Како локална самоуправа сме во процес на изнаоѓање на трајно и хумано решение, како за зголемена безбедност на граѓаните, така и за заштита на уличните кучиња и домашните миленици.

Сакаме уште еднаш да потсетиме и да предупредиме дека расфрлените отрови се директна закана за милениците, но и потенцијална опасност за децата и за сите карпошани.

Труењето на кучињата ќе биде строго санкционирано согласно важечката законска регулатива.

# КАРПОШ ЌЕ ДОБИЕ „НОВОГОДИШЕН ЛИК“

Во пресрет на новогодишните празници, украсувањето на локалната самоуправа е постојано актуелна тема за новинарите . Градоначалникот на општина Карпош  изјави дека оваа година Општината ќе има домаќински пристап во празничното красење:

- Планирани се помали средства за новогодишно украсување. Целта е граѓаните да ја почувствуваат новогодишната енергија, но и да водиме сметка за сите наши сограѓани. Затоа дел од финансиите ќе се пренаменат за социјално – загрозените граѓани и домаќинства, одговори Богоев.

Општината Карпош оваа година ќе издвои 2 милиони денари за украсување на Општината, во споредба со минатата година кога биле издвоени 7 милиони денари.

Украсувањето ќе се спроведе на следниве локации: плоштадот “Делфина”, платото “Млечен”, платото во Карпош 3, кружниот тек кај гимназијата “Георги Димитров”, плоштадот во Урбаната заедница “Пеце Божиновски Кочо”, паркот “Македонија” и платото  во “Бардовци”.

# АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ

Советниците во Советот на Општина Карпош едногласно ја прифатија програмата предложена од страна на Министерството за образование и наука, именувана како „ Програма за антикорупциска едукација на основците" во сите основни училишта кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа.
Станува збор за проект со кој ќе се образуваат учениците од осмо и деветто одделение по предметот „ Граѓанско општество" , и кој ќе ги опфати сите училишта во Република Македонија.
На денешната четврта седница на Советот на Општина Карпош, советниците расправаа по вкупно седумнаесет предлог- точки. Советниците ја прифатија одлуката за проширување на обемот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2017 година.

Во четирите детски јавни установи кои се наоѓаат на териротија на Карпош, „Мајски Цвет", „ Орце Николов", „ Пролет", и „ Распеана Младост", се разрешија досегашните членови во управните одбори и се именуваа нови. Исто така, се усвоија заклучоците на програмата за изменување и дополнување на годишната програма за работа на ООУ „ Аврам Писевски", „ Братство", „ Вера Циривири Трена", „ Владо Тасевски", „ Војдан Чернодрински, како и на училиштата „ Димо Хаџи Димов", „ Јан Амос Коменски", „ Лазо Трповски", „ Петар Поп Арсов", и „ Христијан Тодоровски- Карпош",. На оваа седница по барање на досегашниот член на Одборот на директори во Друштвото за спортски дејности Кошаркарски клуб „ Карпош Соколи 2000 АД Скопје", Марјан Огњановски беше разрешен од оваа позиција со одлука на Советот на Општина Карпош.



# КАРПОШ СЕ ОБВРЗА НА ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Отвореноста, отчетноста и транспарентноста се принципи на кои треба да се базира работењето на секоја современа општина која работи во интерес на граѓаните.

ТокмуоваеицелтанаДекларацијатазаотвореност,отчетноститранспарентност која денеска ја потпиша градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев заедно со шест градоначалници од Градот и републиката, во рамки на регионалниот проект за Југоисточна Европа кој го финансира ЕУ, а кај нас го спроведува фондацијата „Метаморфозис".

Во присуство на повеќе градоначалници од скопските општини, како и претставници од граѓанскиот сектор Богоев ја повтори заложбата за транспарентно и достапно работење.

- Примарна цел на Општината е вклученост на граѓаните во креирањето на Буџетот. Затоа, во овој период од годината се среќаваме со различни целни групи, организации чии предлог - проекти ќе ги вметнеме во Буџетот. Намерата е веќе следната година да имаме вистинско партиципативно буџетирање, запазувајќи ги сите принципи и чекори, рече Богоев.

Во дел од урбаните заедници на Општина Карпош се организираа форуми каде што граѓаните имаа можност да ги дадат своите предлози и сугестии за Буџетот за 2018-та година.

Достапноста на општината е видлива и преку тековните средби со граѓани на градоначалникот, секретарот и претставниците на Советот.

Во своето завршно обраќање, Богоев ја акцентираше потребата и од резултатско ориентирано работење. Тоа значи мерливи и видливи резултати од трошењето на буџетските средства.



- Општина Карпош креира механизми преку кои граѓаните ќе имаат увид за секој потрошен денар. Транспарентноста да ја практикуваме во вистинска смисла, а не декларативно, впрочем тоа е и целта на оваа Декларација, истакна градоначалникот на Општина Карпош.

Извршниот директор на Метаморфозис Бардил Јашари најави продолжување на проектот и ново мерење на транспарентноста на локалните власти, министерствата и судството во шест држави од регионот и тоа Македонија, Србија, БиХ, Црна Гора, Албанија и Косово кое почнува наскоро и ќе трае до април идната година. Тое е прилика, а самата Декларација импулс, да се подобриме на планот на отчетност и отвореност на локалните власти, посебно што доскоро бевме на дното на листата во регионот.

Домаќинот на настанот и коорганизатор, заедно со Општинса Карпош, градоначќалникот на Гази Баба, Борис Гергиевски, нагласи дека транспарентноста на општините треба да се засили токму во сферата на буџетската политика и буџетските трошења.

По завршување на настанот, дел од новинарите поставија прашања на актуелни теми, како што е загадувањето на општините и новогодишното украсување.

Богоев ги објасни мерките кои секојдневно ги презема Општина Карпош за справување со загадувањето. Отворена е телефонска линија преку која граѓаните може да пријавуваат загадувачи на територија на Карпош. Редовно се чистат и мини депониите во Карпош, а во соработка со Град Скопје спроведовме акција за темелно чистење на нашата Општина, изјави градоначалникот на Карпош.



# ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИТЕ

Веќе подолго време се узурпира зелената површина која се наоѓа во околината на ул. Вич бр.24,26 и 28 во УЗ „Карпош 4“, од несовесните граѓани. Најчесто тука недозволено се паркираат автомобили, но, исто така во опасност се и пешаците кои се движат по патеката. Заради зголемување на безбедноста на пешаците и заштита на зеленилото во овој дел, Општина Карпош денеска постави метални столпчиња со кои се заштитува овој простор.





# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ ВО КАРПОШ

Во пресрет на донесувањето на Буџетот за 2018-та година, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев се сретна со претставници од Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), најголемото претставничко тело на младите во нашата држава.
Целта на оваа работна средба , но и стратешки пристап на Општината е преку младинско учество и младински активизам да се дојде до поквалитетни политики за млади во 2018-та година во Општина Карпош.
На денешниот состанок се разменија предлог проекти кои можат да бидат вметнати во дел од буџетските програми за следната година.
Од двата партнери во дискусијата беше истакната потребата од постоење на функционален локален младински совет кој на вистински начин ќе ги претставува интересите на младите луѓе на територија на Карпош.
- Целта е Локалниот младински совет да прерасне во вистинско претставничко тело на младите. На овој начин ќе се зајакне и капацитетот на самиот Совет на Општината, бидејќи ова тело ќе располага со активни, капацитетни и креативни млади луѓе кои се стремат кон подобра локална заедница, потенцираше Богоев.
Претседателот на НМСМ, Блажен Малески ја потенцираше важноста од системска поддршка на Локалниот младински совет што подразбира соработка со општинските служби, со Советот на Општината, со јасни критериуми за членство во Младинскиот совет и со изработка на програма со активности.
На средбата се разговараше и за креирање на младинска стратегија на територија на Карпош со која ќе се лоцираат најгорливите младински проблеми и ќе се понудат одржливи решенија донесени низ процес на партиципативност.
Здравите навики кај младите ќе се развиваат и преку проекти од областа на спортот, како изградба на фитнес зони, базен и спортско – рекреативни центри во училишните дворови.
Градоначалникот Богоев и претставниците од НМСМ договорија континуирана соработка и меѓусебна поддршка која ќе резултира со успешни проекти и активности за младите во Карпош.



# ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ КАРПОШ

Од средбата со Национален младински совет на Македонија - НМСМ произлегоа интересни предлози за младите во Карпош.

Од наша страна ги презентиравме и проектите кои ги планираме за 2018-та година.

Партиципативното буџетирање подразбира консултација со граѓаните, граѓанските организации и приватниот сектор.

Продолжуваме да работиме на #БуџетКарпош2018 заедно со карпошани и сите засегнати страни произлегоа интересни предлози за младите во Карпош.

Од наша страна ги презентиравме и проектите кои ги планираме за 2018-та година.

Партиципативното буџетирање подразбира консултација со граѓаните, граѓанските организации и приватниот сектор.

Продолжуваме да работиме на #БуџетКарпош2018 заедно со карпошани и сите засегнати страни



## КАРПОШ СЕ ПРИКЛУЧУВА КОН СКОПЈЕ – ВЕЛО ГРАД

Поголемата застапеност на велосипедот како алтернативно превозно средство е од примарно значење. Ова беше еден од заклучоците кои произлегоа од денешната средба на градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев во пресрет на донесување на Буџетот за 2018-та година, и континуираните средби и консултации кои секојдневно ги одржува со граѓанските здруженија со цел да се креира партиципативен буџет во интерес на сите карпошани.

Денеска, Богоев имаше работна средба со претставници од неформалната група "На Точак", на која напомена дека Општина Карпош од 2018-та година започнува со субвенционирање при купувањето на велосипеди, со цел масовно користење на ова превозно средство од страна на граѓаните.

Мора да започнеме да ги менуваме навиките. Со користење на велосипедот ќе влијаеме и врз намалување на загадувањето, знаејќи дека автомобилите се едни од најголемите загадувачи во Скопје, рече Богоев.

На средбата се разговараше и за постоечката велосипедска инфраструктура, при што беше истакната потребата за подобрување и изградба на нови вело патеки кои ќе придонесат за поврзување на Карпош со другите населби во главниот град.

Од суштинско значење е Општина Карпош да се придружи кон иницијативата Скопје да прерасне во Вело град. Тоа ќе се постигне со подобрување на велосипедската инфраструктура и сигнализација низ сервисните улици кои се под надлежност на Општина Карпош и нејзино приклучување кон булеварите на Градот, посочија претставниците од неформалната група "На Точак".

Стана збор и за предлог решенијата за паркирање на велосипедите пред фреквентните места во Карпош и установите кои се на територија на Општината.

Во завршниот дел од средбата присутните изразија подготвеност да соработуваат и за зголемување на јавната свест кај најмладите карпошани, преку советување и организирање на обуки во основните училишта за придобивките од користењето на велосипед.



# КАРПОШАНИ ГИ ЛОЦИРАА СУШТИНСКИТЕ ПРОБЛЕМИ

Со точно лоцирање на приорететните проблеми од повеќе аспекти, кои беа детектирани во Општина Карпош, заврши четвртата последна сесија од граѓанскиот форум „ Со заеднички сили, за заеднички интереси“.
Претставници од урбаните и месните заедници од Општина Карпош, вработени во локалната самоуправа, како и граѓани, дебатираа за решавањето на проблемите , кои беа конкретизирани како најважни на територијата на Општината.

Под модераторство на Зоран Стојчевски во завршната сесија се разговараше за поттикнување на иницијативност, за утврдување на целни групи, на финансиски средства и на можности како и за поставување на задачи при решавање на некој суштински проблем со кој се соочуваат карпошани.
Овој граѓански форум беше спроведен во организација на невладините организации „ Антико“, „ Организацијата на жени на Градот Скопје“ како и со поддршка на локалната самоуправа.
На форумот, граѓаните на Карпош освен што ги лоцираа проблемите и дебатираа за нив, предложија и идеи за решавање на истите.



## ИТНИ МЕРКИ НА КАРПОШ ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО

Поради високото ниво на загаденост на воздухот во Општина Карпош повеќе дена station наназад, градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев денеска одржа конференција за печат на која ги образложи сите ургентни мерки кои во моментот ги презема Општината за намалување на степенот на загаденост. Тој за медиумите ја даде следната изјава:

- Општина Карпош презема интервентни мерки за справување со загадувањето. За таа цел, најавувавме започнување на процедура за итна набавка на прочистувачи за воздух за сите градинки и училишта на територија на Општина Карпош.

Дополнително, итно ги запираме градежните активности кои произлегуваат од работењето на Општина Карпош, а се однесуваат на тековно одржување на улицитие, тротоарите и слични градежни зафати кои ги реализира Општина Карпош.

Во контекст на ова, бараме сите приватни изведувачи и инвеститори да го следат примерот на Општина Карпош и да запрат со градежни активности во моментите кога загадувањето е на највисоко ниво.

Најавуваме дека ќе продолжат редовните контроли и инспекции на градилиштата, со цел да се спречи узурпирање на јавните површини и предизвикување на дополнителна нечистотија и загадување.

Ги повикуваме сите инвеститори, фирми, претпријатија на општествена одговорност, да донираат прочистувачи на воздух или заштитни маски за граѓаните, или да донираат финансиски средства на наменската сметка на Општината која е објавена на веб страницата и на Facebook страната на Општина Карпош.

На овој начин, и компаниите ќе покажат дека се општествено одговорни и ќе им помогнат на граѓаните и на Општината да можат да набават повеќе прочистувачи на воздух и да набават повеќе заштитни маски за граѓаните.

Дополнително на ова, продолжува да биде активна и понатаму телефонската линија за пријавување на загадувач, која е отворена на 24-ти ноември и на која граѓаните ги повикувам активно да пријавуваат загадувачи кои палат оган на отворено.

Најавувам дека следната недела ќе биде свикана вонредна седница на Советот на Општина Карпош, на која јас како градоначалник ќе предложам донесување на одлука за субвенционирање на заштитни маски за целни групи за граѓани на Општина Карпош.

Воедно, сакам да ја известам јавноста дека заедно со Градот Скопје, заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање и заедно со Државниот инспекторат за животна средина продолжуваме заеднички и координирано да бараме трајни решенија за решавање на проблемот со загадувањето на територија на Општина Карпош и Градот Скопје, изјави во денешното обраќање градоначалникот на Карпош Богоев.